**20191271854**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА МАНДАТНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог.

Член 2

Мандатниот платен налог за овластеното службено лице се печати на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на мандатниот платен налог од ставот 1 на овој член е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 08-4468/5
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** Прилог
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
Државен инспекторат за труд
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за практиканство, инспекторот ____________________________ од подрачје ____________________________ издава

## МАНДАТЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за овластено службено лице)

| А | БИТНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ДЕЈСТВИЕТО ОД КОЕ ПРОИЗЛЕГУВА ПРАВНОТО ОБЕЛЕЖЈЕ НА ПРЕКРШОКОТ |
|---|---|
| | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | ЕМБГ<br>Државјанин на | Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа, држава |
| Адреса на живеалиште или на привремен престој | | |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Назив | Седиште | Даночен број |

| Г | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- ( општина каде се уплаќа) приходна шифра 05327 програма 72213000 со цел на дознака уплата на глоба мандатен платен налог број ______ |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во мандатниот платен налог во рок од осум дена од денот на врачување на истиот на сметката означена во мандатниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат.
Ако сторителот доброволно не ја плати глобата во определениот рок, овој мандатен платен налог има сила на извршна исправа и ќе биде доставен до органот надлежен за присилно извршување.

______________________ М.П. ______________________________
Потпис на сторителот Инспектор